Даниел Бин

# Само сакам да сум ИСЦЕЛЕН

Даниел Бин

Само сакам да сум ИСЦЕЛЕН

Издадено на македонски јазик од Центар за едукација, тренинг, писменост, евангелизација и подготовка за утрешниот свет ГЕДЕОН Прилеп, авторски права © 2024

Тираж: 500 примероци

Превод од англиски: Кристина Ковачевска

Лектура: Мариетка Петровска

Уредник: Емилија Златкова-Анастасова

За издавачот: Тефик Мусоски

Корица: Христијан Анастасов

Преведено од англиски: Copyright © 2024, I Just Want to Be Healed, by Dan Bean

Се задржуваат сите права. Оваа книга не смее да се репродуцира или пренесува во било која форма или на било кој начин, електронски или механички, вклучувајќи фотокопирање, снимање или зачувување на било каков систем за складирање и пребарување на информации (освен за кратки цитати во рецензии на книги) без писмена дозвола од авторот/издавачот.

## Содржина

Предговор ........................................................................ 5
Само сакам да бидам исцелен .......................................... 7
1. Изворот на животот ........................................................ 10
2. Пречки за добивање исцелување ......................................... 13
3. Препрека # 1.................................................................. 15
4. Препрека # 2 .................................................................. 18
5. Препрека # 3 .................................................................. 21
6. Препрека # 4 .................................................................. 25
7. Препрека # 5 .................................................................. 29
8. Препрека # 6 .................................................................. 33
9. Препрека # 7 .................................................................. 37
10. Препрека # 8 ................................................................ 41
11. Препрека # 9 ................................................................ 45
12. Откровението е клучот ................................................... 48
13. Верата не гледа во природното ......................................... 51
14. Погледнете во Исус ........................................................ 54
15. Како да добијам исцелување? ............................................ 56
16. Веќе сте исцелени .......................................................... 60
17. Можете да примите исцеление денес ................................... 62
18. Дејствувајте според Божјото слово за вас ............................ 65
19. Имајте срце што слуша .................................................... 68
20. Справете се со основната причина ...................................... 72
21. Начини да добиете исцелување ......................................... 76
22. Исус ни даде власт ......................................................... 82
23. Останете излечени ......................................................... 86
За авторот ....................................................................... 89

# Предговор

За последен пат бев во болница во август 1997 г. Додека се објави ова пишување, тоа ќе биде пред повеќе од дваесет и шест години. Не, јас немам суперчовечки гени и не одржувам строга диета; мене само ми е откриена Божјата љубов. Исус ме исцели пред 2.000 години и јас научив како да уживам во дарот што Тој ми го подари.

Многупати сум ги почувствувал симптомите на болка и болест во моето тело, но по Божја милост им се спротивставив на сите.

Верувам дека Бог сака кога уживаме во здравјето. Тој умре за да можеме да живееме како едно од Неговите деца и да имаме изобилен живот, а сакам и вие да уживате во Божјиот квалитетен живот.

Принципите во оваа книга ми ја дадоа слободата да имам и да уживам во здравјето, а јас сакам и вие да го имате истото тоа. Се молам да примите откровение за Божествено исцелување од Светиот Дух, додека го применувате она што ќе го прочитате.

# Само сакам да бидам исцелен

Дваесет и пет години градам и реновирам куќи. Еден ден додека бев на работа, многу ми беше мачно во стомакот. Бев омалаксан и не можев да останам фокусиран. Седнав на ладилникот за ручек и ја спуштив главата кон земјата. Со затворени очи, прашувајќи се дали ќе го преживеам остатокот од денот, една сцена се разигра низ моите мисли.
Се здогледав како седам на работ на улица со калдрма во древниот Ерусалим со толпа луѓе кои се спуштаа по правливата патека. Исус дојде од страната на патеката каде што седев и ме праша што сакам. Ја подигнав главата и Му реков: „Само сакам да бидам исцелен." Тој ја испружи Неговата рака кон мене и рече: „Веќе си." Стомакот ми беше многу подобро по тоа искуство и така го завршив денот.

Тоа беше само едно од многуте искуства што ги имав во врска со исцелувањето. Знам дека Исус веќе обезбеди исцелување за секој еден од нас. Не само што го зеде нашето место на крстот за сите наши гревови, Тој исто така беше и претепан за сите наши болести. Секоја болест и болка веќе има лек – тоа е Исус.

Целта на оваа книга е да ви помогне да знаете како конечно да добиете исцелување. Без разлика дали ви треба исцелување или сакате да му помогнете на некој друг да добие исцелување. Се надевам дека оваа книга ќе ви помогне да успеете во тоа. Исцелувањето не е комплицирано или тешко. Бог сака да бидете добро. Исцелувањето е Негова идеја. Тој го испрати Исус да го заземе вашето место за да можете да бидете здрави. Како знам дека е Божја волја да бидете исцелени? Бидејќи знам дека Тој ве љуби.
Многу луѓе ја потценуваат или не ја разбираат Божјата љубов. Тоа е движечка сила. Сè што Бог направил за нас е од љубов. Љубовта е повеќе од опис на нашата врска; Неговата љубов е постојан проток на моќ кон нас. Ефесјаните 1:19а вели: *„Колку е неизмерна величината на Неговата сила во нас, кои веруваме."* Неговата љубов е бескраен

проток на моќ кој постојано бара начини да напредува, заштити, и да обезбеди за нас. Само чека на нас да го примиме тоа.

Љубовта на таткото е како електрана. Струјата се произведува и се испраќа до корисникот пред да се појави потреба. Сè што треба да направите е да ја вклучите во штекер за да пристапите до достапната моќ. Приклучувањето не иницира производство на струја. Таа веќе е таму и чека да пристапиме кон неа. Божјата љубов за нас е многу поголема од која било современа електрана. Тој е активно вклучен во сите области од нашиот живот. Неговата предвидливост ја овозможи моќта, пред воопшто и да знаеме дека ни е потребна.

Христос обезбеди исцелување пред многу години. Не чекаме тоа да се произведе. Бог чека на нас да се приклучиме. Прекрасната Божја љубов беше таа што однапред ги виде нашите потреби и ни го овозможи исцелувањето, кое сега е достапно за нас.

# БЕЛЕШКИ

# 1. Изворот на животот

Љубовта, која е Самиот Бог, сакаше да се погрижи за тоа да можеме да живееме долг, здрав живот. Болеста потекнува од Сатаната и дошла кај човештвото кога Адам и Ева згрешиле. Исус дојде да ги уништи делата на непријателот и да ни го даде Својот квалитет на живот.

*Крадецот доаѓа само да украде, да убие и да погуби. Јас дојдов за да имаат живот и да го имаат во изобилие.*
*Јован 10:10*

Исус дојде за да ни даде живот! Грчкиот збор за „живот“ е „зое“. Се дефинира како „Божјиот квалитет и квантитет на животот“. Тоа значи да се живее како што живее Бог, со Неговата полнота и изобилство. Тоа е радост, здравје и енергија за секој ден од вашиот живот! Според Римјаните 8:11, овој живот е во вас.

*Но ако Духот на Оној Кој Го воскресна Исус од мртвите живее во вас, тогаш Оној Кој Го воскресна Христос од мртвите, ќе ги оживотвори и вашите смртни тела преку Својот Дух, Кој живее во вас.*
*Римјаните 8:11*

Секоја гранка на дрвото има живот, затоа што е поврзана со изворот на живот, дрвото. Ние имаме живот во нас затоа што го имаме Светиот Дух во нас. Не треба да бараме живот, ние веќе го имаме. Бидејќи Светиот Дух кој е живот, пребива во нас, ние го имаме Неговиот живот кој дејствува во нас.
Неговиот живот предизвикува нашите смртни тела да го имаат истиот квалитет и квантитет на живот што го има Тој. Да, можеме да живееме ослободени од болести и зарази, затоа што го имаме изворот на живот во нас. За жал, многу од гранките кои се поврзани со Христа не го добиваат овој живот бидејќи се блокирани од сите видови погрешно размислување. Ниту вие, ниту ѓаволот не можете да ја спречите

Божјата љубов кон вас, но тоа може да биде попречено од недостаток на знаење.
*Мојот народ гине затоа што нема разум...*
*Осија 4:6*

Луѓето не уживаат во животот затоа што не знаат дека можат. Годините на погрешно учење ги спречиле од примањето на Божјата љубов.
Религијата често предизвикува сомнеж во Божјата волја и способност; а потоа тие сомнежи го блокираат протокот на Божјата сила. Во сопствената гордост, тие се обидуваат да добијат исцеление со сопствени средства. На крајот, нивните напори водат до неверие и тие велат дека никогаш не постоела никаква сила. Само затоа што можеби не сте ја доживеале Божјата исцелителна моќ, не значи дека Бог не сака да бидете исцелени.
Можете точно да забележите каква е Божјата волја, ако погледнете што правел Исус во текот на неговата служба.

*А Исус им одговори на тоа и рече: „Вистина, вистина ви велам: Синот не може да прави ништо Сам од Себе, ако не види што прави Отецот; она што го прави Тој, тоа истото го прави и Синот“.*
*Јован 5:19*

Исус е совршената слика на Божјата волја, особено во однос на исцелувањето. Сѐ што направил ја демонстрира Божјата волја за нас. Исус секогаш ја вршеше волјата на Таткото. Тој никогаш не беше непослушен, дрзок или несоодветен. Ако Тој го направил тоа, тогаш знаеме дека тоа е она што Таткото сакал да се направи.
Низ Евангелијата, го гледаме Исус како ја врши волјата на Таткото со тоа што ги исцелува болните. Многумина слушнаа дека Исус лекува луѓе и отидоа кај Него за да се излечат. Секој што доаѓаше беше ослободен од болест. Некои одбија да поверуваат дека Исус е пратен од Бога и го нарекоа дело на ѓаволот. Но, оние што поверуваа беа исцелени. Исцелувањето навистина е едноставно. Ако верувате дека Исус може и ќе исцели, ќе го добиете тоа.

**БЕЛЕШКИ**

## 2. Препреки за добивање исцелување

Религијата измислила илјадници начини за да се сомневате дека Бог ќе ве исцели. Дозволете ми да наведам неколку:

1. Бог веќе не го прави тоа.
2. Не е Божја волја да те исцели.
3. Бог сигурно те учи нешто.
4. Моето страдање ќе му донесе слава на Бог.
5. Имате генерациско проклетство.
6. Имате грев во вашиот живот.
7. Тоа е ваша вина.
8. Не сте направиле доволно за да бидете исцелени.
9. Вие едноставно немате доволно вера.

Сите овие ги спречуваат луѓето да добијат исцелување; сепак, верата зависи од тоа да знаеш дека Божјата волја е да те исцели. Ако се сомневате во Бог, тогаш се дисквалификувате од Неговите ветувања. Не можете да имате вера да бидете исцелени кога се сомневате дека Тој сака да ве исцели. Овој начин на размислување го префрлува вашиот фокус од завршеното дело на Исус на вас самите. Ѓаволот сака да нè спречи во тоа да се приклучиме на Божјата моќ и да го примиме она што е веќе достапно. Наместо да создаваме сомнежи, треба да ги отстраниме сите препреки и да утврдиме дека Божја желба е да живееме здраво. Отсекогаш била Божја волја да бидете здрави. Тој никогаш не се променил и Неговата сила е секогаш вперена кон нас.

Затоа ајде да се справиме со некои од сомнежите што ги спречуваат луѓето во примањето исцелување.

**БЕЛЕШКИ**

## 3. Препрека # 1

### *Некои велат,*
### *„Бог веќе не го прави тоа“.*

За што точно зборуваат кога го кажуваат ова? Дали тоа се однесува на чудата? Исцелувањата? Одговорените молитви? Дали мислат дека Бог имал една волја за Стариот и друга за Новиот Завет? Дали Бог е шизофреничар? Дали се променил попатно? Не! Бог никогаш не се променил. Ако Божјата волја е да исцели во Стариот Завет, Божја волја е да исцели и во Новиот Завет.

*„Зашто Јас ГОСПОД, не се менувам...“*
*Малахија 3:6*

*Исус Христос е ист вчера, и денес, и во вечни векови.*

*Евреите 13:8*

Бог не користел чуда за да ја изгради црквата, а потоа престанал да користи чуда откако црквата била основана. Тој сè уште прави чуда, исцелува луѓе, и одговара на молитвите. Причината поради која некои веруваат дека престанал е затоа што не ги доживуваат. Религијата ги натера да престанат да се фокусираат на нивниот однос со Исус и да го посветат своето внимание на доктрината и методите. Тие го изгубија своето заедништво со Бог и почнаа да ги следат човечките традиции. Овие обичаи го поништија Словото, и овие луѓе престанаа да го гледаат чудесното.

*А Тој им одговори и рече: „Добро пророкувал Исаија за вас лицемерите, како што е напишано: ’Овој народ со уста Ме почитува, но срцето им е далеку од Мене; но напразно Ме почитува, зашто проповеда човечки повелби.‘ Зашто, вие, оставајќи ја Божјата заповед, го држите преданието човечко: миење чинии и чаши, и вршите многу други слични работи.“ И им рече: „И така ја отфрлате*

*Божјата заповед, за да го запазите вашето предание. Престапувајќи го словото Божјо со вашето предание, што сте го предале вие; многу такви слични работи вршите.“*

Марко 7:6-9, 13

Исус направил повеќе чуда отколку што можело да се запишат во книгите (Јован 21 :25), но Тој не е единствениот кој може да прави чуда. Тој им рекол на Своите ученици дека Неговото дело ќе продолжи, преку нив, откако ќе замине.

> *„Вистина, вистина ви велам: кој верува во Мене, делата што ги вршам Јас и тој ќе ги врши, и поголеми од нив ќе врши; зашто Јас си одам кај Својот Отец; и што и да посакате од Отецот во Мое име, ќе ви го исполнам, за да се прослави Отецот во Синот. Ако посакате нешто во Мое име, Јас ќе го направам.“*

*Јован 14:12-14*

Тој не се промени, човекот се промени. Бог и денес исцелува преку верниците. Ако се поврзете со Бога во вашето срце, Тој ќе ви се открие и ќе ви покаже колку ве сака. Бог е љубов. Тој отсекогаш бил љубов. И Неговата љубов отсекогаш била за нас.

Возљубени, да се љубиме еден со друг, зашто љубовта е од Бога, и секој, кој љуби, е роден од Бога и Го познава Бога; кој не љуби, тој не Го познал Бога, зашто Бог е љубов. Божјата љубов кон нас се покажа во тоа што Бог Го испрати во светот Својот Единороден Син за да живееме преку Него. Во тоа се состои љубовта, што ние не Го возљубивме Бога, туку Бог нас нѐ возљуби и Го прати Синот Свој за да ги очисти гревовите наши. *1 Јован 4:7-10*

**БЕЛЕШКИ**

# 4. Препрека # 2

*Некои велат,*
*„Не е Божја волја да те исцели“.*

Најдобриот начин да се одреди Божјата волја е да се погледне во Исус. Тој рекол дека ја извршувал само волјата на Таткото.

*Зашто Јас слегов од небото не да ја извршувам Мојата волја, туку волјата на Отецот, Кој Ме прати.*
*Јован 6:38*

Ако сакате да ја дознаете Божјата волја, погледнете во она што го правеше Исус. Во Матеј поглавје 8, Исус го очисти лепрозниот, го исцели слугата на стотникот, ја прекори треската од свекрвата на Петар, изгони многу демони, и ги исцели сите кои беа болни. Во 17-ти стих Матеј пишува дека Тој го направи сето ова *за да се исполни кажаното преку пророкот Исаија, кој вели: „Тој врз Себе ги зеде нашите немоќи и ги понесе болестите.“*

Исус ги исцели сите овие луѓе за да докаже дека исцелувањето е Божја волја. Јован исто така пишува дека Исус ја врши волјата на Таткото.

*А Исус им одговори на тоа и рече: „Вистина, вистина ви велам: Синот не може да прави ништо Сам од Себе, ако не види што прави Отецот; она што го прави Тој, тоа истото го прави и Синот... Јас ништо не можам да правам Сам од Себе. Како што слушам, така и судам, и Мојот суд е праведен, зашто не ја барам Мојата волја, туку волјата на Отецот Кој Ме прати.*
*Јован 5:19, 30*

Сè што правеше Исус беше желба на Таткото. Сите што ги исцели, Бог сакаше да бидат исцелени. Бидејќи Исус ги излекува сите што доаѓаа кај Него, тогаш знаеме дека Божјата волја е да ги исцели сите. Само

еднаш Исус бил прашан дали е Негова волја да исцели; Тој одговорил дека е подготвен и го исцелил човекот.

*И ете, се приближи еден лепрозен. Му се поклонуваше и говореше: „Господи, ако сакаш, можеш да ме очистиш.“ А Исус кога ја подаде раката, се допре до него и рече: „Сакам, очисти се!“ И тој веднаш се очисти од лепрата.*
*Матеј 8:2-3*

**БЕЛЕШКИ**

# 5. Препрека # 3

*Некои велат*
*„Бог сигурно те учи нешто“.*

Светиот Дух е нашиот учител, не болеста.

*А Утешителот, пак, Духот Свети, Кого што Отецот ќе Го испрати во Мое име, Тој ќе ве научи на сѐ и ќе ви напомни за сѐ што сум ви зборувал.*
*Јован 14:26*

Во текот на животот ќе поминеме низ тестирања. Тие помагаат во развивањето на нашиот карактер и духовна сила. Секој помислува на Јов кога ќе се појави темата за тестирање, тој не бил испитуван од Бог – тој бил искушуван од Сатаната. Бог никогаш не се впушта во зло за да нѐ научи.

*Ниеден, кога е во искушение да не вели: „Бог ме искушува“, бидејќи Бог не се искушува од злото, и Тој никого не искушува.*
*Јаков 1:13*

Само затоа што минувате низ тешки времиња, не значи дека тоа е наредено од Бога. Ѓаволот ги цели праведните луѓе за да ги одвлече од тоа да имаат доверба во Бог. Светиот Дух нѐ води, извлекувајќи нѐ од тестирањата, не ставајќи нѐ низ искушенија. Испитувањето на верата на Јов не е иницирано од Бог. Сатаната се обидувал да најде начин да го сврти против Бога. Она со што се соочил Бог било зло, а не свето, исто како што и болеста е зло.

*„Смртна болест го фатила; кој еднаш легне, веќе нема да стане!“*
*Псалм 41:8*

„Смртна болест“ во овој стих, е исто преведено и како „„нешто од Белијал“. Болеста е зло; таа е од ѓаволот. Бог не ги користи делата на ѓаволот за да нѐ научи. Да, минуваме низ тестови и искушенија, но Бог не бара помош од ѓаволот за да нѐ научи. Па, зошто Јов помина низ она што помина? Јов бил праведен човек, но се плашел, и тој страв му ја отворил вратата на ѓаволот да нападне.

*Зашто страшното, од кое се ужасував, тоа ме снајде; од што се плашев, тоа ме сполета.*
*Јов 3:25*

Одговорот за стравот е да знаеш дека Бог те сака.

*И ние ја познавме љубовта, која Бог ја има кон нас; и поверувавме во тоа дека е Бог љубов, и дека оној, кој пребива во љубовта, пребива во Бога, и Бог – во него. Љубовта во нас се усовршува затоа за да имаме смелост на судниот ден; бидејќи, како што е Тој, така сме и ние во овој свет. Во љубовта страв нема, туку совршената љубов го изгонува стравот, бидејќи стравот подразбира казна. Кој се плаши, не е совршен во љубовта. Ние Го љубиме, бидејќи Тој отпрвин нѐ возљуби.*
*1 Јован 4:16-19*

Познавањето на љубовта што Бог ја има кон вас го оддалечува секој страв и ви дава храброст да се соочите со сѐ што ќе ви фрли ѓаволот. Постојат различни начини на кои тој ќе ја тестира вашата вера. Тој ќе го оспори Божјиот Збор, прашувајќи: „Дали Бог навистина го мисли тоа?“ Тој ќе го доведе во прашање Божјиот карактер, „Дали Тој ќе ги одржи Неговите ветувања за вас?“ Тој ќе ве натера да погледнете во природното, „Очигледно е дека не сте исцелени; уште имате болки“. И тогаш тој ќе ве натера да помислите дека тоа никогаш нема да се случи, „Поминаа месеци и сѐ уште не сте излечени“.

Јов не е наш пример за тоа како да поминеме низ искушение. Исус покажа како се постапува со ѓаволот за време на испитувањето. Кога го искушувал ѓаволот во пустината, Исус одговорил, велејќи,

„напишано е!“ (Матеј 4:1-11). Божјите вистини секогаш ќе ви ја носат победата. Ѓаволот е крадец. Тој е оној кој се обидува да го украде она што ви припаѓа. Вие не сте болни кои се обидуваат да оздрават, вие сте исцелени, а ѓаволот се обидува да го украде тоа. Бог не нѐ тестира со болест. Ѓаволот ги разболува луѓето, а потоа го обвинува Бог.

# БЕЛЕШКИ

# 6. Препрека # 4

*Некои велат,*
*„Моето страдање ќе му донесе слава на Бога“.*

Господ постоел пред човекот. Тој е „Седоволниот“. Тој е сѐ во сѐ уште од почетокот. Нашите искуства не го прават Него поголем или помал. Тој нема потреба да извршува чуда во нашите животи за да докаже дека Тој е нашиот Творец. Секојпат кога ќе примиме исцеление, Нему не му дава поттик, и Тој не лечи само за луѓето да Го препознаат како Бог.

Како Татко, Тој сака да нѐ гледа исцелени; тоа е отсекогаш Негова желба. Луѓето можат да го видат чудото и да Го прослават, но тоа не значи дека Тој чекал да ги излечи додека не ја добие славата. Да се дозволи луѓето да останат болни не е љубов. Бог сака целото човештво да знае дека Тој ги љуби и сака да ги види исцелени токму сега.

Кога станува збор за тоа дека Бог ја добива славата за исцелувањата, следниот пасус би можел да биде погрешно разбран.
*Кога одеше, виде еден човек, слеп од раѓање. Учениците Негови Го прашаа и рекоа: „Рави, кој згрешил? – тој или родителите негови, та се родил слеп?“ Исус им одговори: „Ни тој, ниту родителите негови згрешиле, туку за да се јават делата Божји врз него.*
*Јован 9:1-3*

Да погледнеме во современата англиска верзија.

> *Додека Исус чекореше, виде еден човек кој беше слеп од раѓање. Учениците на Исус прашаа, ‘Учителе, зошто овој човек е роден слеп? Затоа што тој или неговите родители згрешиле?’ ’Не, не е поради тоа!’ одговори Исус. ‘Но, поради неговото слепило, ќе видите како Бог прави чудо за него.’*

## Само сакам да сум исцелен

*Јован 9:1-3 Современа англиска верзија*

Бог не го разболел човекот за да може да го излечи еден ден. Тоа би бил суров господар, а не Татко полн со љубов. Исус го исцели затоа што имаше сочувство кон него, а не затоа што сакаше да добие слава. Тој често беше „трогнат со сочувство“ за болните.

*И кога излезе Исус, виде многу свет; и се смилува над нив и ги излекува нивните болни.*

*Матеј 14:14*

*И Исус се смилува и се допре до нивните очи, и веднаш им прогледаа очите нивни; и тие тргнаа по Него.*
*Матеј 20:34*

*Смилувајќи се, Исус протегна рака, се допре до него и му рече: „Сакам! Очисти се!“*
*Марко 1:41*

Исус не исцелуваше затоа што сакаше обожавање или признание дека е Божји Син; Тој исцелуваше поради Неговата љубов кон луѓето. Мразеше да ги гледа болни. Еден човек еднаш ме праша, „Зошто толку многу се молиш за болните?“ Јас одговорив, „Затоа што ги сакам. Не сакам да ги гледам болни.“ Бог не ги спречува луѓето од тоа да бидат исцелени, само за да можат другите да Го прославаат кога ќе примат исцелување. Тој е љубов (1 Јован 4:8) и љубовта никогаш не би разболела некого за да добие слава подоцна кога Тој ќе го оздрави.

Христијаните страдале за Божјото царство. Многумина биле убиени во раното доба на црквата. Библијата ветува дека ќе има прогонство (2 Тимотеј 3:12), но болеста не е дел од тоа. Павле доживеал бродолом, бил претепан, и каменуван додека за малку не умрел, но никогаш не ја споменува болеста како една од работите што ги претрпел. Неговиот „трн во телото“ бил гласникот на сатаната испратен да го попречува во сѐ што правел, тоа не било физичка болест (2 Коринтјаните 11:23 - 12:10). Бог му дал откровение на Павле за тоа како да дејствува во

Неговата благодат за да биде победник, а не како да страда. Бог не користи болест или зараза за да ја докаже нашата искреност или посветеност кон Него; Тој секогаш лечи.

*Но Тој ми рече: „Доста ти е Мојата благодат, бидејќи Мојата сила се покажува потполно во слабоста.“ Затоа со многу поголема радост ќе се фалам со своите слабости за да се всели во мене силата Христова. Затоа уживам во слабости, во навредување, во маки, во прогонување, во тага за Христос, зашто кога сум слаб, тогаш сум силен.*
*2 Коринјтаните 12:9-10*

Зборот ‘немоќ’ може да се користи за да се опише физичка болест; тоа значи да се биде изнемоштен и слаб. Тоа е исто така превод за духовна попреченост. Павле користи ‘немоќ’ овде за да го опише неговиот недостаток на сила кога бил нападнат од „гласникот на Сатаната“. Павле побарал Божја помош за да биде победник во духовна битка, а не во физичка болест. Одговорот на неговата молитва дошол кога тој добил откровение за Божјата моќ и способност во него да го надмине секој напад на непријателот. Тој сфатил дека авторитетот и силата доаѓаат од Светиот Дух внатре, а не од неговите природни способности. Ова откровение му дало доверба да се „пофали“ со Божјата сила, а не со својата.
Некои луѓе очајнички посакуваат чудо и му ветуваат на Бог дека ќе направат нешто што ќе Му донесе слава ако Тој ги исцели. Можеби ќе речат, *„Боже, ако ме излечиш, ќе ти служам до крајот на мојот живот.“* На Бог не му треба причина да те исцели. Исус веќе отиде на крстот и ти донесе исцеление. Вашето ветување не е причината поради која Тој ќе ве излечи. Ако мислите дека Бог чека додека да направите нешто пред да ве излечи, тоа ќе ве спречи да добиете исцеление. Тој не го задржува исцелението; Тој чека на вас да го примите она што Тој веќе го направил.

**БЕЛЕШКИ**

## 7. Препрека # 5

*Некои велат,*
*„Имате генерациско проклетство“.*

Второзаконие 28 вели дека ако ги почитувате Божјите закони, ќе бидете благословени; а ако не ги почитувате, ќе бидете проколнати. Продолжува со објаснување на сите клетви кои ќе ве снајдат. Се споменуваат сите видови болести и зарази. Потоа во стих 61 вели, „*и секаква болест и секаква проказа, во книгата на овој закон, Господ ќе испрати врз тебе, додека не те истреби.*

Тоа е многу јасно, под Законот; треба да ги држите заповедите на Законот за да се излечите.

Бог склучи завет преку Мојсеј; тоа беше Законот. Божјите заповеди гарантираа дека ќе бидете благословени, ако ги слушате, но никој не можеше да го држи Законот. Бог знаеше дека тоа ќе се случи, па пред да биде создаден Адам, било пропишано дека Исус ќе биде наша замена (Откровение 13:8); Тој ќе ја исполни нашата одговорност кон заветот. Заветот бара тој да се спроведува додека не умре еден од партнерите. Со тоа што го зазеде нашето Место, Исус го прекина барањето да се држи Законот за да го добие Божјиот благослов. Тој умре за ние да можеме да добиеме исцеление без Законот.

Но, укорувајќи ги, вели: „Ете идат денови, вели Господ, и со домот Израелов и со домот Јудин ќе склучам нов завет, но не таков завет каков што склучив со татковците нивни во денот кога ги фатив за рака за да ги изведам од земјата египетска, – зашто тие не останаа во Мојот завет и Јас ги оставив, вели Господ. Но овој е заветот што ќе му го дадам на домот Израелов во оние дни, вели Господ: ќе ги врежам законите Свои во мислите нивни, и во срцата нивни ќе ги напишам, и ќе бидам нивни Бог, а тие ќе бидат Мој народ. И ниеден нема да го учи својот ближен, и ниеден братот свој: ‘Познај Го Господа’, зашто сите, од мал до голем меѓу нив, ќе Ме знаат, бидејќи ќе бидам милостив кон нивните неправди, а за гревовите и беззаконијата нивни нема веќе да си споменувам.“ А кога вели „нов завет“, првиот го направи застарен; а она што е старо и застарено, близу е до исчезнување.

*Евреите 8:8-13*

Ние веќе не сме под Заветот на Законот. Исус ги исполни сите наши барања. Сите наши минати, сегашни и идни гревови се покриени со Крвта на Исус (Колосјаните 2:13-14). Ова не значи дека ние сакаме да грешиме; тоа значи дека ние повеќе не треба да докажуваме дека ја заслужуваме Божјата љубов. Сите клетви што дојдоа од непослушноста сега се укинати и можеме да уживаме во Божјите ветувања, вклучувајќи го и исцелувањето.
*Христос нè откупи од проклетството на Законот, откако поради нас стана проклетство, бидејќи е напишано: „Секој да е проклет што виси на дрво!“, така што благословот даден на Авраам да дојде преку Исус Христос врз незнабошците, и да Го добиеме ветениот Дух преку верата.*

*Галатјаните 3:13-14*

Ние сме откупени од сите клетви споменати во Второзаконие 28. Ако видите клетва спомената во тоа поглавје, тогаш знаете дека сте избавени од неа. Но што ако се работи за проклетство што е пренесено преку вашето семејство? Генерациските клетви се споменати во овој пасус во Излез:

*Потоа Господ помина покрај лицето на Мојсеј и извика: „Господ, Господ, Бог човекољубив и милостив, долготрпелив, многумилостив и верен! Кој ја чува правдата и покажува милост на илјадници, Кој проштава беззаконија, неправди и гревови, но Кој виновни не остава неказнети, Кој за гревовите на татковците ги казнува децата, дури и внуците до третото и четвртото колено.“*
*Излез 34:6-7*

Според Законот, децата на виновниците би биле проколнати, но Бог преку Езекиел ги кажува овие зборови:

*„Зошто употребувате во израелската земја поговорка, велејќи: ‘Татковците јадеа кисело грозје, а на децата забите им фаќаат оскомина?’ Жив сум Јас, вели Господ Бог: – во иднина нема да ја кажуваат таа поговорка во Израел. Зашто, ете, сите души се Мои; како душата на таткото, така и душата на синот се Мои: која душа греши, таа ќе умре.*
*Езекиел 18:2-4*

Оној што греши е тој што е казнет. Бог нема да ве проколне за нешто што го направил вашиот дедо. Кога повторно се родивте, станавте дел од Божјото семејство. Имате нова крвна линија. Дури и ако вашето семејство има генетски предиспозиции, вие сте откупени од секоја болест и зараза. Законот барал послушност за да се избегнат клетвите; Исус ги исполни барањата на Законот за нас и сега ние сме ослободени од секое проклетство, вклучувајќи ги и генерациските клетви.

**БЕЛЕШКИ**

## 8. Препрека # 6

*Некои велат,*
*„Имате грев во вашиот живот“.*

Гревот не го спречува Бог да ве исцели. Очигледно, гревот е ужасна работа. Тој ги кани стравот и вината во вашите мисли и ве тера да се повлечете од Бога, но Бог не ги лекува луѓето затоа што тие го заслужуваат тоа. Тој ги лекува луѓето затоа што ги сака и Исус веќе ја плати цената за болеста.
*Тој сам ги носеше нашите гревови на крстот во телото Свое, та ослободени од гревовите да живееме за правдата: „Преку Неговата рана се исцеливте“.*
*1 Петар 2:24*

Овој стих кажува дека се исцеливме затоа што Исус го понесе нашиот грев и ги зеде раните по Својот грб. Зошто Исус мораше да биде казнет за да нè исцели? Болеста е почеток на смртта. Смртта влезе во светот кога Адам и Ева згрешија.

*Затоа, како што гревот влезе во светот преку еден човек, а преку гревот – смртта, по таков начин и смртта премина на сите луѓе преку еден човек, зашто сите згрешија.*
*Римјаните 5:12*

Во Стариот Завет раните биле казна за грев. Исус ја плати цената за гревот на целото човештво со тоа што ги зеде раните на Својот грб. Бидејќи, доколку со престапувањето на еден завладеала смртта преку едниот, дотолку повеќе оние, што го примија изобилието на благодатта и дарот на праведноста, ќе царуваат во животот преку еден – Исус Христос. И така, како што преку еден престап дојде осудувањето на сите луѓе, така и преку праведното дело на еден дојде врз сите луѓе оправданието, кое дава живот. Зашто, како што преку

непослушноста на еден човек мнозина станаа грешни, така исто и преку послушноста на еден, мнозина ќе станат праведни.
*Римјаните 5:17-19*

Бидејќи гревот сега е платен, платено е и сè што било резултат на гревот. Болеста е еден од нуспроизводите на гревот. Исус умре за гревот, елиминирајќи сè што го предизвика. Сега не треба да плаќаме за гревот и не мора да бидеме болни.

*Зашто Оној, Кој не знаеше грев, Бог за нас Го направи грев, та преку Него да станеме праведност Божја.*
*2 Коринтјаните 5:21*

Ние стануваме праведни кога ќе го прифатиме Исус како наш спасител. Тој ја отстранува нашата грешна природа и нè прави сосема нови.

.
*И така, кој е во Христос, тој е ново создание; старото помина, и ете, се создаде новото.*
*2 Коринтјаните 5:17*

„Сосема нови“ значи нешто што никогаш претходно не постоело. Ние повеќе не сме старите луѓе. Тој нè направи праведни и ни го даде Својот живот.
*Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него да не загине, туку да има вечен живот.*
*Јован 3:16*

Бог нè направи праведни за да можеме да бидеме со Него. Гревот нè раздели, Исус нè обнови. Сега откако сме праведни, Светиот Дух може да пребива во нас. Имањето на Светиот Дух во нас, им носи живот на нашите тела.

*Но ако Духот на Оној Кој Го воскресна Исус од мртвите живее во вас, тогаш Оној Кој Го воскресна Христос од мртвите, ќе ги оживотвори и вашите смртни тела преку Својот Дух, Кој живее во вас.*
*Римјаните 8:11*

Гревот и смртта не живеат повеќе во вас. Вие сте праведни и Божјиот живот е во вас. Дозволувате овој живот да делува во вас со тоа што се однесувате како да сте праведни. Петар во 1 Петар 2:24 вели „Живејте за правдата“. Ѓаволот ќе се обиде да спречи да живеете во таа праведност потсетувајќи ве на вашиот грев, но еве ја добрата вест:
*И сега нема никакво осудување за оние кои се во Исус Христос.*
*Римјаните 8:1*

Свеста за гревот ќе ве разболи. Морате да ги отфрлите тие мисли и да живеете во силата на Светиот Дух во вас. Бог се справи со гревот. Вие станавте праведни. Можете да живеете ослободени од осуда, велејќи, „Простено ми е. Оправдан сум со Крвта на Исус. Одбивам да мислам поинаку“. Дури и ако сте згрешиле ова утро, тоа е покриено со Крвта на Исус. Покајте се, престанете да се гледате себеси како грешник и примете го вашето исцеление како Божјо дете.

## БЕЛЕШКИ

## 9. Препрека # 7

*Некои велат,*
*„Тоа е ваша вина“.*

Еден мој пријател скијаше и го повреди коленото. Подоцна таа вечер седна на столица со завиткана нога и му постави на Таткото едноставно прашање, „Боже, дали лекуваш идиоти?“ Колку многу работи сме си направиле за кои била потребна Божја интервенција? Лоши диети, невежбање, екстремни спортови, пушење, дрога, несреќи, или можеби дури и лизгање на мраз; сите овие можат да се наречат наша вина, но сè уште ни треба исцелување, па затоа треба да го поставите прашањето: „Може ли некој да го занемари или злоупотребува своето тело и да очекува Бог да го излечи?“

Божјите природни закони се исто толку божествени како и Неговите духовни закони; но тие не се поголеми. Причината поради која луѓето тешко добиваат исцелување за нештата што ги предизвикале е тоа што веруваат дека природните закони се поголеми. Тие веруваат дека ако причината дошла по природен пат, тогаш одговорот, доколку постои, мора да дојде од природното. Но овој библиски стих вели дека природното потекнува од духовното царство.

*Преку верата разбираме дека вековите се создадени со Божји збор и дека од невидливото произлегло видливото.*
*Евреите 11:3*

Иако болеста или повредата се предизвикани од вашите лоши избори, Бог сè уште е во состојба на натприроден начин да го промени она што сте го направиле и да го исцели вашето тело. Вие не треба да ги трпите последиците од вашите избори; Исус веќе пострада за вас.

*Го испрати Своето слово, ги излекува и ги спаси од пропаст.*
*Псалми 107:20*
Овој стих имплицира дека Бог ги избавил од јамата што самите си ја ископале. Не е важно како си влегол во нередот во кој се наоѓаш, Исус веќе го откупи твоето исцеление. Тој знаеше дека ќе направиш лоши избори, и ги зеде последиците од тие избори на Својот грб, за да можеш да се излечиш од секоја зараза, болест и повреда. Еве пример за лечење на повреда:

*Оние, пак, што беа со Него, кога видоа што ќе стане, Му рекоа: „Господи, да удриме ли со нож?“ И еден од нив го удри слугата на првосвештеникот и му го отсече десното уво. А Исус одговори и рече: „Оставете го тоа, запрете!“ Па го допре увото негово и го исцели.*
*Лука 22:49-51*

Малх, слугата на првосвештеникот, беше во градината за да го фати Исус. Тој само си ја вршеше својата работа. Петар го извлече својот меч и замавна кон Малх, отсекувајќи му го увото. Добро е што се наведнал, инаку ќе му ја отсекол главата! Малх не бил болен и немал зараза; бил повреден од Петровиот меч. Исус веднаш ја прекинал борбата и му го излечил увото; докажувајќи дека повредите можат веднаш да се излечат.
Без разлика дали е тоа ваша вина или на некој друг; тоа не значи дека треба да го игнорирате водството на Светиот Дух и да го злоупотребувате вашето тело. Светиот Дух знае што треба да правиме за нашите тела да функционираат правилно. Ако слушаме, Тој ќе нè води околу замките на непријателот, кон здрав живот. Невозможно е да се работи со вера и да се игнорираат Божјите упатства.
Вие сте храмот каде што Бог избрал да живее. Да му дозволите на телото да владее и да дозволите вашето тело да биде во лоша состојба нема да ја промени Неговата љубов кон вас, но подобро е да одговорите на Неговите поттикнувања и да се грижите за вашето тело. Никогаш не треба да бидеме насочени кон перформансите кога станува збор за исцелувањето, но и ние не треба да бидеме мрзеливи, телесни и негрижливи. Ѓаволот ги користи нашите слабости за да нè

држи врзани и неспособни да го правиме она што Бог го има испланирано за нашите животи.
Промената на исхраната или започнувањето со вежбање не е извор на лекување. Исцелувањето доаѓа кога ќе поверувате дека Исус ја понел вашата болест и ја носел вашата болка. Но, запомнете, игнорирањето на водството на Светиот Дух ќе ја остави отворена вратата за ѓаволот повторно да нападне.

Кога имав дваесет и девет години, добив тешка инфекција на бубрезите и завршив во болница триесет и шест часа. Лекарите ми дадоа антибиотици и инфекцијата исчезна. Некој ми рече, „Ако знаеш што е тоа и од каде доаѓа, можеш да му одолееш.“ Но јас не знаев што ја предизвика инфекцијата и завршив во болница. Го прашав Бога зошто не можам да оздравам. Тој ми рече, „Не е важно што е и од каде доаѓа, тоа не припаѓа во твоето тело.“ Се обидував да го поправам што и да беше тоа што ја предизвика инфекцијата, но не можев да разберам. Бог ми покажа дека можам да се спротивставам на секоја болест; дури и ако не знам која е таа. Потоа, престанав да ја барам причината и почнав да се фокусирам на примање на исцелувањето.
Може да се излечите дури и ако болеста е ваша вина. Вие не го заработивте вашето спасение, и никогаш нема да го заработите вашето исцелување. Исцелувањето е дар на Божјата милост. Ние го примаме со понизно прифаќање на она што Тој го направил. Не можете да направите промени во вашиот стил на живеење и да очекувате дека Бог ќе ве излечи поради вашите перформанси. Тој веќе ве исцели; правите пром

**БЕЛЕШКИ**

## 10. Препрека # 8

*Некои велат,*
*„Не сте направиле доволно за да бидете исцелени“.*

Која е најголемата препрека за верата? Делата, обидувајќи се да го заработите она што Бог го дал како подарок. Исцелувањето е подарок. Не можете да го заработите. Ѓаволот ќе ви каже дека не сте направиле доволно за да заслужите исцелување. Никогаш не можеме да направиме доволно. Единствениот начин на кој можеме да примиме исцелување од Бога, е ако Тој ни го даде по благодат.

*Зашто по благодат сте спасени преку верата; и тоа не е од вас – туку дар Божји! Не е од дела, за да не се пофали некој.*
*Ефесјаните 2:8-9*

Грчкиот збор за „спасен“ е „созо“, и тој исто значи да бидеш излекуван (Марко 5:23 и Дела 14:9). Ние сме спасени и исцелени по благодат. Тоа е подарок. Го добиваме дарот на исцелување со вера. Тоа не е со заработување. Ако можевме да го заработиме, ќе можевме да им кажеме на сите што направивме за да го добиеме. Исус ја зеде болеста за нас и ни даде здравје; ние ништо не направивме. Тој веќе направи сè што е потребно за да се излечиме. Ние не можеме да додадеме на тоа.

Во човечката природа е да сакаме да направиме нешто за да се излечиме. Ако веднаш не видиме промена во нашето тело, почнуваме да се обидуваме да се излечиме. Некои луѓе земаат лекови, ја менуваат исхраната, или престануваат со лошите навики за да се излечат; меѓутоа, исцелувањето е достапно за вас, одвоено од она што го правите. Промените што ги правите треба да се засноваат на водството на Светиот Дух, а не со цел да го добиете вашето исцелување.

Ако се чувствувате принудени да заработите исцелување или барем да го направите вашиот дел, вие сте за „планот на изведба“, а не за планот на благодатта. Бог не бара од нас да направиме нешто пред да нè исцели. Тој бара од нас да направиме промени затоа што нè излечил.

Постојат бројни причини зошто луѓето се обидуваат да заработат исцелување. Некои се обидуваат да добијат одобрување од Бог или да докажат дека се достојни да бидат излечени. Други имаат желба да го направат својот дел за да се чувствуваат како да се дел од решението. А други пак се чувствуваат виновни и сакаат да ги исправат работите, но Бог избра да ве сака пред да направите нешто за да ја заслужите таа љубов. Вашите постапки нема да променат како Тој се чувствува спрема вас. Вашето однесување како христијани нема да одлучи дали Бог ќе ве исцели или не. Тој ве исцелува затоа што ве сака.

*Но Бог ја докажа љубовта Своја кон нас, со тоа што Христос умре за нас, уште додека бевме грешни.*
*Римјаните 5:8*

Како луѓе, ни се допаѓа чувството на успех. Сакаме да се чувствуваме како да сме го заработиле она што го имаме. Имаме чувство на исполнување кога добро ќе ја завршиме работата и ќе добиеме плата; можеме да си честитаме и да го покажеме она што сме го постигнале – но за да се добие подарок, потребна е понизност.

*Но Тој дава поголема благодат; затоа е речено: „Бог се противи на горделивите, а на понизните им дава благодат.“*
*Јаков 4:6*

Гордоста го запира протокот на благодатта. Да се биде „дополнет“ со нешто значи дека тоа е подарок. Не сте го заработиле тоа; не сте го заслужиле. Сè што примаме со вера доаѓа како благодат, подарок. Всушност, Бог ја избра верата како начин на кој примаме од Него за да може да ни даде сè како дар (благодат).
*Затоа тоа е од верата, за да биде по милост, та и ветувањето да биде заздравено не само по Законот, туку и по верата за сите потомци Авраамови, кој ни е татко на сите нас.*
*Римјаните 4:16*

Бог знаеше дека не можеме да заработиме исцелување, па затоа ни го даде. За да им го направи достапно на сите, наспроти заработувањето

или заслужувањето, Тој ја направи благодатта за исцелување достапна по вера. Сѐ што треба да направиме за да го примиме дарот на исцелувањето е да кажеме „Благодарам“, и да го примиме.

*Преку Него со верата добивме и пристап кон оваа благодат, во која стоиме, и се гордееме со надежта во славата Божја.*
*Римјаните 5:2*

Примањето подарок може да биде понизно. Ако ви се даде подарок од срце, лесно е да се чувствувате како да не го заслужувате подарокот. Ако подарокот е огромен и скап, може да се почувствувате заплашено и недостојно. Може да ве преплават и домашните подароци кои се направени со љубов. Се чувствувате како да нема шанси да го возвратите гестот.
Бог знае дека не сте го заработиле исцелението и можеби не го заслужувате. И покрај тоа што можеби сте болни поради нешто што сте го направиле, Бог избрал да го направи исцелувањето подарок за секој да го има. Ако се чувствувате виновни и мислите дека заслужувате да бидете болни, не обидувајте се да заработите исцелување; и кога ќе го примите дарот на исцелување, не обидувајте се да Му вратите. Бог го простува најголемиот грев, а исто така и лекува сѐ што

**БЕЛЕШКИ**

# 11. Препрека # 9

## *Некои велат,*
## *„Вие едноставно немате доволно вера“.*

Луѓето велат, „Ти едноставно немаш доволно вера за да бидеш излечен“, како сè да зависи од вас. Да, добиваме исцеление со вера, но не вера во нашата способност; туку вера во Исус. Исус е исцелителот, не вие. Верата е доверба во Него.

> *[Авраам], наполно уверен дека Тој е силен да го изврши она што го ветил.*
>
> *Римјаните* 4:21

Аврам бил татко на верата. Верувал кога сè изгледало невозможно. Бил толку убеден што никогаш не се поколебал. Тоа е доверба! Но каде тој ја положил својата доверба? Во Бога. Тоа не било во неговата способност да верува; тој имал доверба во својот партнер од заветот, Бог. Ако Бог го кажал тоа, Тој и ќе го направи тоа.

Ние немаме вера во процесот; туку имаме вера во личноста. Дозволете ми да ви дадам илустрација:

> Ако го замолам мојот пријател да ме земе од аеродром и да ме однесе дома, треба ли да се грижам ако доцни? Мојот пријател е сигурен, доверлив, и си стои на својот збор, па знам дека не треба да се грижам. Потребно е време да се стигне до аеродромот и има многу работи кои би можеле да го спречат мојот пријател да пристигне навреме. Би можел да биде задржан од некој од дома, би можел да заглави во сообраќајот, или можеби на автомобилот му пукнала гума. Сето ова може да биде причината поради која може да се одложи моето земање од аеродромот. Но мојата вера не е во природните околности, туку во него. Бидејќи го познавам, му верувам, и знам дека ќе дојде.

Колку повеќе го познаваме Бога, толку повеќе ќе имаме доверба во Него. Колку повеќе го читаме и разбираме Неговото Слово, толку подобро ќе ја знаеме Неговата волја. Кога сме убедени дека Бог секогаш го одржува својот Збор, ќе постапуваме со вера иако тоа изгледа невозможно. Исус рекол да имаме вера во Бог. Тој е сигурен, доверлив, и секогаш го одржува Својот збор.

*А Исус им одговори и рече: „Имајте вера во Бога.“*

*Марко 11:22*

Се сеќавам кога му верував на Бог за нешто и ми требаше долго време да го примам тоа. Поминаа години, а јас сè уште го немав. Еден ден додека бев во молитва, го прашав Бог зошто му треба толку време. Тој ме праша, „Што вели Мојот Збор?“ Наведов три стихови кои ми ветуваа дека можам да го имам. Тој одговори, „Тоа е сè што треба да знаеш.“ Токму во тој момент знаев дека Бог секогаш го одржува Својот Збор и ветувањето беше на пат. Неколку месеци подоцна, го добив.

Верата е како малиот ротирачки круг на компјутерот кога чекате да се вчита страницата. Кликнавте на линкот, но ништо не се промени. Сè што можете да видите е кругот што се врти на страницата, но тој мал вител е сè што требате да знаете дека страницата се отвора. Не можете да ја видите. Нема никакви промени, но знаете дека доаѓа, Само затоа што сè уште не можете да видите никакви промени, не значи дека Бог не работи на тоа. Не фокусирајте се на процесот; може да има многу работи кои предизвикуваат одложување. Имајте вера во Него.

Како се чувствувате по читањето на овие препреки? Дали забележувате разлика? Дали се чувствувате полесни одвнатре? Начинот на размислување на религијата е тежок. Прави да се чувствувате отежнато со сè што се бара од вас. Исцелувањето не е нешто за што треба да работиме. Треба да научиме како да се одмориме и да примаме.

**БЕЛЕШКИ**

# 12. Откровението е клучот

Верата е како плод. Природно расте додека медитирате на Словото; таа не е нешто што го принудуваме да постои или бараме да се случи. Вие добивате вера во моментот кога ќе добиете откровение.

*Затоа, верата доаѓа од слушањето на поракатa, а пораката – од Божјото слово.*
*Римјаните 10:17*

„Слово“, во овој стих, е преведено од грчкиот збор „рема“. Овој збор значи „изговорен збор“, а не само нешто што го читате. Тоа е специфичен збор од Бога за вашата моментална ситуација. Живо е, директно од Божјиот Дух. Не можете да имате вера без оваа „рема“. *Рема* исто значи и откривање на Божјата волја. Тоа е откровение за тоа како Бог ја гледа вашата ситуација. Ако можеме да го видиме она што го гледа Бог, тоа би го променило целиот наш начин на размислување. Кога имате откровение, од страв и грижа преминувате во возбуда и самодоверба.

*А верата е подлога за увереноста во она на кое се надеваме – убеденост во она што не се гледа.*
*Евреите 11:1*

Нашата самодоверба не доаѓа од нашата способност, туку од знаењето на она што Бог го знае. *Рема* е кога Бог ни го открива Неговиот план. Тоа се случува во еден момент; како да гледаме нешто што не сме го виделе досега. Бог ни дава моментално преземање на Неговото знаење. Штом трепнеме, го гледаме она што Бог го гледа. Повеќе не нè оптоварува товарот да се обидуваме да најдеме решение, го знаеме целиот план. Можеме да го видиме исходот иако сè уште не се случил.

Откровението е клучот за верата. Автомобилот не може да работи без клуч. Не можете да ја отклучите вратата без клуч. Не можете да решите загатка без клучот. Мора да имаме откровение за да бидеме во вера. Мораме да го знаеме она што Бог го знае.

Многу луѓе што копнеат по исцеление искрено веруваат дека Бог сака тие да бидат исцелени, но не слушнале од Бога, конкретно за нивната ситуација. Тие слушнале дека Бог лечи, но не знаат дали Бог ќе ги излечи. Бидејќи сѐ уште ги имаат симптомите на болест, тие претпоставуваат дека не се излечени. Она што го гледате или чувствувате не одредува што направил Бог. Човек во вера одмора во Словото примено од Бога, не продолжува со обидувањето да добие исцелување, бидејќи тој веќе слушнал од Бога и добил исцеление со вера.

**БЕЛЕШКИ**

# 13. Верата не гледа во природното

Верата не се труди за Божјите работи. Го добива она што е веќе направено. Исус ги зеде раните на Својот грб за ние да можеме да бидеме здрави. Ова се случило пред 2.000 години. Тој го зазеде вашето место за секоја болест. Работата е завршена, и сè што ви е потребно за да бидете здрави е веќе обезбедено. Сè што требате да направите е да се приклучите на исцелителната моќ и да примите.

*Тој сам ги носеше нашите гревови на крстот во телото Свое, та ослободени од гревовите да живееме за правдата: „Преку Неговата рана се исцеливте.“*
*1 Петар 2:24*

Овој стих вели дека „сте исцелени“, а не дека „ќе бидете исцелени“. Веќе сте исцелени. Може да прашате, „Како е можно ова? Сè уште ги чувствувам симптомите во моето тело.“ Верата не гледа во она што е видливо, туку го гледа она што Бог го гледа.

*Зашто ние не целиме кон видливото, туку кон невидливото, бидејќи видливото е времено, а невидливото – вечно.*
*2 Коринтјаните 4:18*

Само затоа што можете да го видите, не значи дека не може да се промени. Ако дојде, може да си замине. Природните нешта се променливи; тие се привремени. Божјиот план е вечен; тој го надминува сето она што се случува во природното. Животот и здравјето се поголеми од смртта и болеста. Треба да го тргнеме фокусот од она што го гледаме во природното и да го насочиме вниманието на она што Бог го гледа во духот.

*Бидејќи според верата живееме, а не според гледањето.*
*2 Коринтјаните 5:7*

Вашиот ум и тело ќе се обидат да ве убедат дека она што го гледате и чувствувате е трајно или непроменливо. Единствениот начин да знаете дека вашите симптоми се привремени е Бог да ви ја открие Неговата волја. Верата е убедување дека симптомите си заминуваат. Таа е самодоверба што произлегува од вашиот дух затоа што сте слушнале од Бога (*рема)*. Овој вид откровение произведува вера. Тоа ви овозможува да верувате во Божјиот Збор без разлика што гледате или чувствувате. Единствениот начин да се добие вера е со откровение. Фокусирајте се на тоа да слушнете од Бога во врска со вашата ситуација за да стекнете вера. Штом ќе слушнете од Бога, ќе бидете во вера и ќе имате самодоверба да не одите според она што го гледате.

# БЕЛЕШКИ

# 14. Погледнете во Исус

Исус е решението на нашите проблеми затоа што Тој обезбеди исцелување за нас, така што најдобриот начин да добиете исцелување е да го тргнете погледот од болеста и да се фокусирате на Исус. Исус го покажа тоа кога отиде да го воскресне Лазар од мртвите.

Кога пристигнал во Витанија, сите плачеле и биле вознемирени зашто Тој не дошол порано. Сите биле фокусирани на она што можеле да го видат, но не знаеја што знае Исус; Тој слушнал од Отецот дека Лазар ќе живее. За да ги внесе во доменот на верата, Тој морал да го оттргне нивното внимание од природните настани и кон Бога. За да го направи тоа, Тој почнал да се моли гласно за да можат сите да слушнат.

*Тогаш го дигнаа каменот каде што лежеше умрениот. А Исус ги подигна очите угоре и рече: „Оче, Ти благодарам што Ме услиши. Јас знаев дека Ти секогаш Ме услишуваш; но ова го реков заради народов што стои наоколу, за да поверуваат дека Ти си Ме пратил.“*

*Јован* 41-42

Тој ги сврте сите нивни очи кон Таткото; оттаму доаѓа исцелувањето. Тоа не доаѓа од свештеникот кој се моли. Сè додека нивните погледи беа насочени кон природното, кон она што можеа да го видат, ништо немаше да се промени. Со менување на нивниот фокус, Тој им направи начин да можат да примаат. Кога сите нивни погледи беа вперени во Таткото, Исус му заповеда на Лазар да оживее, и тој излезе од гробот. Лесно е да не се види ништо друго освен симптомите. Тие постојано се обидуваат да привлечат внимание кон себе. Кога имате силни болки, тешко е да размислувате за нешто друго, но наместо да гледате дали болеста исчезнала, фокусирајте се на Исцелителот.
Откако ќе добиете исцеление, симптомите ќе си заминат.

# БЕЛЕШКИ

# 15. Како да добијам исцелување?

Што значи да се добие исцелување? Тоа е како да примаш подарок. Ако некој ви даде подарок, сè што треба да направите е да посегнете и да го земете. Тоа е најлесниот дел. Делот што не се гледа е лицето кое заработува пари, оди во продавница, купува подарок, го завиткува со голема машна и го вози до вашата куќа. Тие ја вршат целата работа, а вие само велите, „Ви благодарам“. Бог го испрати Исус. Тој пострада и умре. Тој го завитка исцелувањето со голема машна и со љубов ви го подава подарокот. Сега сè што треба да направите е да го земете и да кажете, „Благодарам“.

*Затоа ви велам: сè што ќе побарате во молитва, верувајте дека ќе го добиете – и ќе ви биде.*
*Марко 11:24*

Оригиналниот грчки збор за „добивање“ значи „да се земе“. Не можете да добиете нешто освен ако не го земете. Мора да посегнете и да го примите. Ова често се прави само со постапување со вера. Само, имајте на ум, за да дејствувате со вера, прво треба да слушнете од Бога. Но, штом ќе слушнете, тоа го менува вашето размислување, вашето дејствување, и она што го кажувате. Погледнете ги овие приказни:

*Кога влегуваше во едно село, Го сретнаа десет лепрозни и застанаа подалеку, па со силен глас повикаа: „Исусе Учителе, смилувај се!“ Штом ги виде, им рече: „Отидете и покажете им се на свештениците!“ И тие, уште додека одеа, се очистија.*
*Лука 17:12-14*

Тие немаа знаци на исцелување откако Исус им служеше; тие сè уште изгледаа болни, но постапувајќи според Словото на Исус, тие беа излечени. Не постои шанса лепрозниот да тргнал кон свештеникот без збор од Бога. Таа *рема* им ја даде верата што им беше потребна да веруваат дека се излечени и дека симптомите ќе заминат. Тој збор го смени начинот на кој тие постапуваа.

*Тогаш му рече на човекот: „Испружи ја раката!“ И тој ја испружи. И таа стана здрава како и другата.*
*Матеј 12:13*

Тоа беше невозможно. Раката му беше исушена со години. Како можеше да ја истегне? Но Исус му рече да го направи тоа. Тоа беше сè што требаше да слушне. Беше потребна вера за да ја подигне раката и да ја подаде како неговата рака да е нормална. Долго време не беше нормална; зошто воопшто да се мачи да ја подигне? Изговорениот збор од Исус беше она што предизвика доверба во него. Тие зборови го инспирираа да го направи она што долго време го немаше направено. Без воопшто да размислува, ја подаде раката, и како го направи тоа, раката му беше обновена.

*Во Листра седеше еден човек, немоќен во нозете. Тој бил сакат од мајчината утроба, не можел да оди никогаш. Тој слушаше додека Павле зборуваше; а Павле, го впери во него погледот и виде дека во него има вера дека може да оздрави, па му рече со висок глас: „Тебе ти велам, во името на Господ Исус Христос: исправи се на нозете свои!“ И тој скокна и почна да оди.*
*Дела 14:8-10*

Слушањето на Евангелието од Павле, му даде вера на овој човек. Секој збор што го зборуваше Павле беше жив. Неговите зборови содржеле моќ. Светиот Дух се движеше во внатрешноста на сакатиот човек додека тој седеше и слушаше. Павле можеше да види дека човекот се менува одвнатре. Можеше да види дека човекот имаше вера. Сигурно се грчеше од исчекување. Му требаше само искра да го подигне. Потоа одеднаш, Павле извика, „Стани!“ Тоа е сè што требаше. Само требаше да знае што да прави со сета таа насобрана возбуда. Човекот скокна на нозе и за прв пат прооди.

Тоа беше повеќе од разумно знаење по слушањето на добар говор. Зборовите инспирирани од Духот за Исус му дадоа вера на овој човек, а зборовите беа живи во него. Тој не се исправи на нозе затоа што сакаше; цел живот сакаше да оди. Тој се исправи затоа што, сега, знаеше дека може.

Верата не е добро пресметан план. Нема смисла. Сите околности велат дека не можете. Верата е внатрешен оган што не може да се изгасне. Го чека моментот кога ќе пукне од својот сад и ќе им покаже на сите што направил Бог. Овој вид внатрешна возбуда и самодоверба произлегуваат само од тоа што сте слушнале од Бога. Сѐ додека навистина не го слушнете Божјиот план, треба да го слушате Словото. Медитирајте, исповедајте се, изјавете и постапувајте како Божјиот Збор да е вистина. Штом ќе слушнете од Бога и ќе примите вера, вашите мисли, зборови и постапки стануваат живи. Станувате убедени дека Бог веќе го направил чудото и почнувате да се однесувате како да го имате; очекувајќи дека ќе се манифестира.

**БЕЛЕШКИ**

# 16. Веќе сте исцелени

Многу луѓе чекаат да видат промени во нивните тела пред да поверуваат дека се излечени. Луѓето кои се во вера, веруваат дека веќе се излечени, дури иако ниту еден од симптомите не е променет.
Според Марко 11:24, вие треба да верувате дека сте добиле исцеление уште пред да видите како тоа се манифестира. Мора да верувате дека подарокот е веќе купен, спакуван, и е на пат, пред воопшто да стигне до вас.
Петар 2:24 вели: „*Преку Неговите рани се исцеливте*“. Вие нема да бидете исцелени; веќе сте исцелени. Исус ве исцели. Може да прашате, „Како е можно тоа? Ако Тој веќе ме исцели, тогаш зошто сум болен?“ Тоа се одлични прашања. Да го споредиме тоа со спасението.
Исус умре само еднаш, за целото човештво (Римјаните 6:10). Секој што ќе го прогласи Исус за свој Господ, и ќе Го прифати како свој Спасител, е ново создание во Христа; тој е нанововороден.
Но има милиони кои не се нанововородени. Дали тоа значи дека Исус не ги спасил? Не, тоа значи дека тие не прифатиле дека Христос умрел наместо нив. Штом го сторат тоа, тие стануваат праведни. Само затоа што постојат луѓе кои сè уште не се спасени, не значи дека Христос веќе не умрел за нив. На ист начин, многумина сè уште не знаат дека Исус веќе го зазел нивното место за сите болести, зарази и повреди. Штом ќе слушнат за тоа и го прифатат, тие можат да бидат исцелени.
Бог не може да го направи она што веќе го направил и не може да ви го даде она што веќе ви го дал. Исус веќе ве исцели; сè што треба да направите е да верувате и да го прифатите тоа. Навистина е толку лесно. Станува комплицирано кога се обидуваме да го заработиме она што веќе ни припаѓа. Во човечката природа е да сакаме да го поправиме она што ќе го збркаме или да создадеме начин да го добиеме Божјиот благослов. Вие не треба да правите ништо. Одморете се! Исус ја заврши целата работа и Тој ви нуди подарок. Земете го и кажете, „Благодарам“.

**БЕЛЕШКИ**

# 17. Можете да примите исцеление денес

Луѓето често бараат некој да се моли за нив за да можат да добијат исцеление. Тие испраќаат пораки преку социјалните мрежи, започнуваат молитвени синџири, или одат кај пасторот и бараат од него да се моли. Вие не треба да правите ништо од тоа. Можете сами да примате од Бога. Не треба да чекате.
Првиот чекор е да го насочите вашиот ум на Исус. Не станува збор за тоа да се има вистинска музика или тивко место. Можете да го фокусирате своето срце на Господ на кое било место, во кое било време, дури и во преполн, бучен трговски центар. Само почнете да размислувате на Исус и како Тој го зазеде вашето место на крстот. Дозволете му на вашиот ум да го замисли како умира за вас. Божјото присуство ќе стане забележливо. Ќе можете да го препознаете по мирот во вашето срце и смиреноста во вашиот ум.
Откако ќе се фокусирате на Исус, прашајте Го за Неговиот план за вашата моментална ситуација, а потоа почекајте додека не слушнете од Него. Ако се прашувате како звучи Божјиот глас, направете го ова: затворете ги очите и размислувајте за вашето име. Само кажете го тоа во вашата глава. Тоа е истиот глас што Бог го користи за да ви зборува. Излегува од вашето срце.
Честопати тоа е како да водите разговор во вашата глава, но тоа е помудро отколку што обично мислите или попаметно од вашите вообичаени идеи. Тој ќе ви даде мисли кои се незамисливи за вас; очигледно е дека вие не сте дошле до нив.
Тоа не е секогаш разговор, понекогаш тоа е впечаток или слика. Ќе ви дојде некоја идеја, или се гледате себеси како правите нешто. Бог ќе зборува на едноставен јазик, а исто така и сликовито. Ако не разбирате што Тој зборува, прашајте Го за тоа. Понекогаш, Тој ќе ве однесе по неочекуван пат за да ве одведе таму каде што треба да бидете. Ќе објаснам.

Се вратив дома од странство и забележав како многу често одам во тоалет. Знаев дека сум јадел нешто поради што се случува тоа. Не знам

што беше или како го добив тоа, но знаев да го сфатам сериозно. Го прашав Бога што да правам, „Дали треба да одам на лекар или во аптека за да земам лекови или да ти верувам дека ќе ме излечиш и да чекам?“

За неколку секунди откако го поставив прашањето, умот ми се оддалечи и почнав да размислувам за нешто сосема друго. Се најдов себеси како размислувам за сите причини зошто треба да се дава десеток. Тоа звучи лудо. Бев тотално надвор од темата.

Моите мисли конечно заклучија дека десетокот се сведува на завет. Имам завет со Бога. Веднаш штом помислив на „завет“, ѕвоната во мојата глава се огласија. Се запали светлото. Имав откровение од Бога. Веднаш, знаев дека ангелите се борат во мое име поради заветот што го имам со Бог. Ако бев болен, тогаш Тој ќе се грижи за тоа како Тој да е болен. Не морав јас да се грижам за тоа; ќе бидам добро.

Неколку дена подоцна, немаше повеќе симптоми. Да, на симптомите им требаше неколку дена за да си заминат, но не бев тогаш исцелен. Бев исцелен пред 2.000 години, и го примив тоа кога го добив откровението. Грижата замина штом слушнав од Бога. Не отидов на лекар ниту купив лек; знаев дека сè ќе биде во ред.

**БЕЛЕШКИ**

## 18. Дејствувајте според Божјото слово за вас

Откако ќе слушнете од Бога, сè што треба да направите е да постапите во согласност со тоа. Сепак, сакам да ве предупредам – не постапувајте освен ако не сте слушнале од Бога. Бог не бара од вас да направите нешто за да бидете исцелени. Дејствувате затоа што сте слушнале од него и верувате дека ќе бидете исцелени. Не мора да постите и да се молите за да ја докажете својата достојност. Постот ве менува вас, тој не го менува Бог. Тоа ќе предизвика вашето тело да биде предадено, но тоа не го прави Бог поспремен да ве исцели. И не фрлајте го вашиот лек за да му докажете на Бог, или на некој друг, дека верувате. Тоа не предизвикува вера или не го привлекува вниманието на Бог. Вие треба да дејствувате само откако ќе добиете откровение дека Бог веќе ве излечил, а не да го натерате Бог да ве излечи.

Понекогаш луѓето сакаат да бидат во верата, па прават нешто што виделе дека другите го прават; или глумат што би направиле доколку се излечат. Ова може да биде опасно или пречка за вашата вера ако не сте слушнале од Бога. Бог не бара акција за да добие вера. Акцијата е одговор на верата што ја имате. Сега, има моменти кога Бог ќе ве упати да го промените она што го правите за да останете исцелени, но она што треба да го направите не е предуслов за да добиете исцеление. Оваа приказна од бањата Витезда ќе го илустрира она што го мислам:

*Имаше таму и еден човек кој боледуваше триесет и осум години. Кога Исус го виде како лежи, знаејќи дека многу години боледува, му рече: „Сакаш ли да оздравиш?“ Болниот Му одговори: „Да, Господи! Само немам човек што ќе ме спушти во бањата кога ќе се раздвижи водата; додека јас да дојдам, друг слегува пред мене.“ Исус му рече: „Стани, земи ја постелката своја и оди си!“ И веднаш оздраве човекот, ја зеде постелката своја и одеше. А тој ден беше сабота. Заради тоа Јудејците Му рекоа на исцелениот: „Сабота е и не треба да ја носиш својата постелка!“ Но тој им одговори: „Оној што ме излекува, ми рече: ‘Земи ја постелката своја и оди!‘“ А тие го прашаа: „Кој е човекот што ти рече: ’Земи ја постелката своја и оди?‘“ Но исцелениот не знаеше кој е, зашто Исус се беше оддалечил бидејќи на тоа место имаше многу народ. Подоцна Исус го сретна во храмот и му рече: „Ете, сега си здрав и не греши веќе, за да не те снајде нешто полошо!“ Јован 5:5-14*

Исус го прашал човекот дали сака да биде излечен. Тој не го прашал човекот дали сака да му биде простено, но покажал дека гревот на човекот ја отворил вратата за неговото страдање. Од човекот не се барало да се покае или да се поправи за да биде исцелен. Сега, не плашете се дека можеби имате отворена врата, ако Бог ви покаже нешто, справете се со тоа. Исус никогаш не гледал во минатото на една личност за да дознае како да ја излечи. Во врска со овој човек, Исус дошол кај него подоцна и му рекол да не греши повеќе за да може да ја држи вратата затворена за ѓаволот.

**БЕЛЕШКИ**

# 19. Имајте срце што слуша

Се сеќавам дека некое време ме болеше грбот. Го прашав Господа што да правам и Тој ми рече, „Исправи се кога се возиш во камион“. Јас се возев неколку часа на ден во нашиот камион. Татко ми возеше до работното место, а јас се спуштав на седиштето и се обидував да спијам на патот до работа. Очигледно, грбот ми беше свиткан многу повеќе отколку што требаше. Почнав да се исправувам при нашето возење и болките во грбот си заминаа. Знам дека Бог се грижи за секоја област од мојот живот, дури и за болките во грбот. Неговата мудрост ме спаси од секојдневна болка. Бог има мудрост за секоја област од нашиот живот. Ако бараме, Тој ќе ни даде насока.

*Ако некому од вас му недостига мудрост, нека ја побара од Бога, Кој на сите им дава изобилно и без приговарање – и ќе му се даде. Но да моли со вера и никако да не се сомнева; зашто оној кој се сомнева, прилега на морски бран, кого ветрот го издига и растура; таков човек нека не мисли дека ќе добие нешто од Господ. Човек што се двоуми во сите свои патишта е непостојан. Јаков 1:5-8*

Бог никогаш не ја задржува Својата мудрост; ако побараме со вера, ќе добиеме одговор. Па, како да бараме со вера? Верата верува во сè што вели Бог, без никакво двоумење. Сомнежот доаѓа кога се предомислувате. Ако се двоумите помеѓу Божјиот Збор и она што го доживувате, вие се сомневате - вашето срце вели дека Бог ве исцелил, но вашето тело вели дека сè уште сте болни. Кога вашиот ум не може да се одлучи во што да верува, вие се сомневате. Ако сте во сомнеж, значи дека не сте убедени во тоа дека Божјиот Збор е посупериорен од она што го чувствувате или гледате.

Со намера да го слушате Божјиот Збор, ќе се уверите дека Неговите ветувања се вистинити. Верата доаѓа откако ќе го примите откровението на вистината.

*Ако Го барате и послушате, ќе ги јадете добрата земни;*

*Исаија 1:19*

Оригиналниот хебрејски збор за „послушен“ во овој стих е преведен и како „срце што слуша“. Да се има срце што слуша е клучот за да станете еднодушни. Но, не се работи само за слушање; треба да имате и желба да ги применувате работите што Бог ви ги покажува. Најдобар начин да му пристапите на Бога е да му кажете, „Татко, ти ја имаш мудроста што ми е потребна. Откриј ми ја својата мудрост и помогни ми да ја применам во практика.“ Доаѓањето кај Бога наместо да чекаме Тој да направи нешто, покажува подготвеност да се примени она што Тој го кажува. Ако сте проактивни и спремни да правите што и да каже Тој, ќе добиете мудрост во врска со исцелувањето.
Никогаш не ми се допаѓал зборот „послушен“. Секогаш правел да се чувствувам како војник кој му вели, „Да, господине!“ на својот командир. Имаме однос со Бога, ние не сме Негови робови, ние сме Негови синови и ќерки. Но ако не го следиме Неговото водство, ќе го пропуштиме она што Тој ни го дава.

Исус одговори и му рече: „Ако некој Ме љуби, ќе го пази словото Мое; и Мојот Отец ќе го возљуби, и ќе дојдеме кај него и живеалиште во него ќе направиме. Кој не Ме љуби, не го запазува словото Мое; а словото што го слушате, не е Мое, туку на Мојот Отец, Кој Ме испрати.
*Јован 14:23-24*

Некои луѓе можеби мислат дека нивната послушност е доказ дека го сакаат Бога, но тоа не функционира така. Ние ги држиме Неговите заповеди од љубовта што ја имаме кон Него; не за да ја докажеме нашата љубов. Нашата љубов е одговор на љубовта што Тој ни ја покажа.

***Ние Го љубиме, бидејќи Тој отпрвин нè возљуби.***

*1 Јован 4:19*

Современиот англиски превод покажува дека Неговата љубов кон нас ни дава сила да го правиме она што Тој го побарал.

*Исус одговори: „Тоа што ме сакаш ти дава моќ да го слушаш мојот збор. И мојот Татко ќе те сака толку длабоко што ќе дојдеме кај тебе и ќе те направиме наше живеалиште. Но, оние што не ме сакаат, нема да ги слушаат моите зборови. Отецот не ме испрати да го кажам моето откровение, туку зборовите на мојот Татко.*
*Јован 14:23-24*

Кога знаете дека Бог ве сака, лесно е да го правите она што Тој го вели. Ако се фокусирате на вашата способност да бидете послушни, ќе станете фрустрирани. Никогаш не можете да се претставите доволно добро за да ја заслужите Божјата љубов. Ѓаволот ќе почне да ви всадува мисли во главата дека е ваша вина. Тој ќе се обиде да ве убеди дека треба да направите повеќе за да се излекувате. Бог никогаш не го задржува исцелувањето поради нашиот недостиг на послушност. Исцелувањето не се заснова на нашите постапки, туку на Неговите. Ние не дејствуваме за да добиеме исцелување; ние дејствуваме затоа што сме исцелени.

**БЕЛЕШКИ**

## 20. Справете се со основната причина

Една важна работа што треба да се запамети е дека не можете да ја одвоите верата од тоа да бидете водени од Светиот Дух. Сè што веруваме и правиме произлегува од нашиот однос со Бог. Тој ја знае секоја област од нашите животи. Тој е способен да нè води низ животот и да нè одведе во насоката во која треба да одиме. Тој ги знае најважните области со кои прво треба да се справи. Можеби ќе треба да се справите со основната причина за вашата болест пред да можете да оздравите. Бог знае како да стигнете до суштинските прашања за да го примите и да го одржите вашето исцеление. Ајде да погледнеме во друг човек што Исус го исцели.

*Еден ден, додека Тој поучуваше, седеа таму фарисеи и законоучители, кои беа дошле од сите села на Галилеја и Јудеја, и од Ерусалим; а Тој имаше сила Господова да лекува. И, ете, некои донесоа на постела еден човек, што беше неподвижен, и сакаа да го внесат и положат пред Него; па, бидејќи не најдоа место од каде да го внесат поради народот, се качија на куќата и преку покривот го спуштија сосе постела, насреде, пред Исус. А Тој, штом ја виде верата нивна, рече: „Човеку, ти се простуваат гревовите!“ Книжниците, пак, и фарисеите почнаа да размислуваат и да велат: „Кој е Овој што хули на Бога? Кој може да ги простува гревовите, освен Единиот Бог?“ А Исус, кога ги разбра нивните помисли, им одговори и рече: „Што размислувате во срцата свои? Што е полесно да се каже: ‘Ти се простуваат гревовите‘, или да кажам: ‘Стани и оди?‘ Но за да знаете дека Синот Човечки има власт на земјата да ги простува гревовите“, Му рече на неподвижниот: „Тебе ти велам: стани, земи си ја постелата и оди си дома!“ И тој веднаш стана пред нив и си го зеде она, на кое лежеше, па си отиде дома, славејќи Го Бога.*

*Лука 5:17-25*

Беше очигледно дека овој човек треба да се излечи. На Исус не му беше потребен знак од небото за да види дека не може да оди. Но, Му требаше збор од Бога во врска со основната причина. Очигледно, овој човек не верувал дека му е простено. Ова значело дека тој чувствувал дека неговата парализа е казна за неговите гревови. Наместо само да

го излечи човекот и да го испрати по својот пат, Исус му го променил животот. Да се биде во можност да се оди повторно беше чудо; но простувањето од Бог беше уште поголем благослов.

За да можеше овој човек да се излечи, тој требаше да се справи со еден подлабок проблем. Сѐ додека не знаеше дека му е простено, ќе беше тешко да добие исцеление. Затоа треба да бидеме водени од Светиот Дух. Ако бараме исцелување, и Тој побара од нас да му простиме некому, треба прво да го направиме тоа, за да можеме да го добиеме нашето исцелување.

Секое доцнење во манифестацијата на исцелување не е Божји план. Тој сака да ве излечи денес, но понекогаш тоа значи да се справиш со коренот за целото дрво да биде здраво.

*А Исус им одговори и рече: „Имајте вера во Бога. Зашто, вистина ви велам ако некој ѝ рече на оваа планина: 'Дигни се и фрли се в море!' и не се посомнева во срцето свое, туку поверува дека ќе биде како што рекол, ќе му се исполни, што и да каже. Затоа ви велам: сѐ што ќе побарате во молитва, верувајте дека ќе го добиете – и ќе ви биде. И кога стоите на молитва, простувајте, ако имате нешто против некого, па и вашиот небесен Отец да ви ги прости вашите гревови. Ако ли, пак, вие не простувате, и вашиот небесен Отец нема да ви ги прости гревовите ваши.“*

*Марко 11:22-26*

Стиховите 25 и 26 се поврзани со стиховите 22-24. Овие стихови се некои од најголемите зборови за верата што ќе ги најдете, но не можете да заборавите да се справите со проблемите на срцето. Ако ги игнорирате, вашата вера нема да функционира како што треба. Бог не сака да умрете болни, но ако умрете болни, тоа нема да ве спречи да отидете во рајот. Ако дозволите непростувањето да се вкорени во вашето срце, тоа е полошо од болест; тоа всушност може да ве одвои од Божјата љубов и да ве натера да му го свртите грбот и да не одите во рајот.

Вашата физичка состојба честопати е одраз на вашиот внатрешен човек. Горчината, гневот и жалењето можат да бидат главната причина за болест. Бог знае дека вашиот дух треба да биде целосен за

да може вашето тело да напредува, па затоа Тој направи начин да се ослободите и од емоционалните повреди.

*Но Тој ги зеде врз Себе нашите болки и ги понесе нашите слабости; а ние мислевме дека Тој беше поразуван, казнуван и понизуван од Бога. 5А Тој беше изнаранет за нашите гревови и мачен заради нашите беззаконија; казната за нашиот мир падна врз Него, а преку Неговите рани ние се излекувавме.*
*Исаија 53:4-5*

Исус ги понесе сите наши товари, и ако можеме да научиме како да се ослободиме од сите работи што ни предизвикуваат болка, лузни, тага, жалење, срам и лутина, ние ќе можеме да добиеме исцеление. Овие товари што ги носиме ги зеде Исус, и ние не можеме да го носиме овој товар. Тие можат да бидат огромни, многу поголеми од нашите способности. Божјата намера никогаш не била да бидеме оптоварени со овие таги и болки. Исус сака да Му ги предадеме. Неговиот товар е лесен и нема напор.
Бог нè создаде да бидеме зависни од Него. Ние сме Негово создание, и Тој никогаш немал намера сами да го бараме својот пат или да откриеме како самите да се поправиме. Исус пострада и умре за сите наши болести, зарази и болки. Тој го зазеде нашето место. Тој сака да дојдеме кај Него за помош. Тој е многу поголем отколку што ние некогаш ќе бидеме.
*Сите ваши загрижености префрлете ги врз Него, зашто Тој се грижи за вас* (1 Петар 5:7).

# БЕЛЕШКИ

## 21. Начини да добиете исцелување

### Даровите на Духот

Има повеќе од еден начин да се добие исцелување. Даровите на Духот споменати во 1 Коринтјаните 12 вклучуваат збор на знаење, правење чуда и дарови на исцелување. Многу луѓе се излечени преку овие дарови. Сите овие се дистрибуираат како што сака Светиот Дух, и честопати, тие се демонстрација на она што е достапно за секој што верува.

Ние не го живееме нашиот секојдневен живот во зависност од даровите на Духот. Ние го имаме Светиот Дух во нас. Сè што треба да направиме е да постапуваме според Божјото Слово, со Неговото водство, и да ги примиме Неговите ветувања. Исцелувањето веќе ни припаѓа нам, така што не треба да чекаме посебна манифестација за да го добиеме. Неверниците и христијаните кои не ги познаваат Божјите ветувања се оние кои најчесто добиваат исцелување преку даровите на Светиот Дух. Тие не знаат дека Бог веќе ги излечил. Бог ја демонстрира Својата моќ преку овие дарови, така што луѓето можат да видат што е достапно за секој што верува.

Најдобар начин да се добие исцелување е да се слушне од Бога,
да се верува во Неговото Слово и да се постапува според него. Ова е методот што секој верник може да го користи. Не бара да најдете некој друг да се моли за вас и не треба да чекате; само свртете се кон Бога во вашето срце и примете.

### Полагање на раце

Најчестиот начин на кој луѓето добиваат исцелување е преку пренос на помазание со допир. Полагањето раце и молитвените платна се примери за тоа како може да се пренесе помазанието од еден на друг.

*И на зајдисонце, сите што имаа болни од разни болести ги доведуваа кај Него; а Тој, положувајќи раце над секого од нив, ги исцелуваше.*

*Лука 4:40*

*И ги стави рацете Свои врз неа; и таа веднаш стана и Го славеше Бога.*
*Лука 13:13*

*А таткото на Поплиј се разболе и лежеше, страдајќи од треска и болки во стомакот. Павле влезе кај него, се помоли и, положувајќи ги рацете свои врз него, го исцели.*
*Дела 28:8*

*А Бог правеше многу чудеса преку рацете Павлови, така што врз болните полагаа крпи и шамивчиња за пот, што го беа допреле неговото тело, и болестите ги напуштаа, а злите духови излегуваа од нив.*
*Дела 19:11-12*

Помазанието доаѓа од Светиот Дух во нас. Кога е воспоставен контакт, постои вистински трансфер на исцелителна моќ. Се пренесува од свештеникот до оној што го допираат. Божјата сила влегува во нив и почнува да ги истерува болестите и да го обновува нивното тело. Испраќачот мора да биде уверен дека Божјата сила ќе тече низ него. Примачот треба да има вера дека помазанието тече низ него и ќе ги промени неговите околности.

*Една жена, што страдаше од крвавење дванаесет години, и големи маки беше претрпела од мнозина лекари, потрошила сѐ што имала и никаква полза не видела, а ѝ станало дури уште полошо, штом чу за Исус, се приближи одзади меѓу народот и се допре до облеката Негова; зашто си велеше: „Само ако се допрам до облеката Негова, ќе оздравам.“ И веднаш престана крвавењето, и таа осети во телото свое дека е излекувана од болеста. А Исус одеднаш почувствува во Себе како излезе сила од Него и се сврте кон народот и рече: „Кој се допре до облеката моја?“ Учениците Негови Му рекоа: „Гледаш дека народот Те притиска, а прашуваш: ‘Кој се допре до Мене?’“ Но Тој гледаше наоколу, за да ја види онаа, што го направи тоа. Жената, пак, се уплаши и трепереше; па, знаејќи што стана со неа, се приближи, падна пред Него и Му ја кажа целата вистина. А Тој ѝ рече: „Ќерко, верата твоја те спаси; оди си со мир и биди здрава од болеста своја.“*
*Марко 5:25-34*

Оваа жена имала вера пред да стапи во контакт со Исус. Таа јасно кажа, „Само ако се допрам до облеката Негова, ќе оздравам.“ Таа имала вера дека Тој има моќ да ја исцели, и кога ќе ја допре Неговата облека, таа сила ќе влезе во неа. Сега, таа не беше фокусирана на моќта; таа гледаше кон Исус.
Пренесувањето на помазанието е само еден од начините за примање од Исус. Одговорот не е чинот на допирање; одговорот е поврзување со Исус. Кога ви служат, не гледајте да видите дали вашето тело се менува, фокусирајте се на Исус. Ние сме исцелени од Исус, а не од нашите постапки. Ние дејствуваме затоа што имаме вера во Него.

**Помазание со масло**

*Болен ли е некој меѓу вас, нека ги повика свештениците црковни, та да се помолат и да извршат помазание над него со елеј во името Господово. И молитвата со вера ќе го исцели болниот, и Господ ќе го крене; и гревови, ако направил, ќе му се простат. Исповедајте си ги гревовите еден на друг и молете се еден за друг за да се исцелите. Голема сила има усрдната молитва на праведникот.*
*Јаков 5:14-16*
Јаков пишува дека секој болен треба да ги повика старешините на црквата и да ги замоли да го помазаат со масло. Ова е уште еден начин да се добие исцелување. Треба да забележите дека најдобро функционира кога болното лице ја иницира интеракцијата. Одењето кај болните и служењето на нив е грижа, но тоа не покажува никаква желба или вера од страна на болниот. Подобро е да ги повикаат старешините и да речат, „Штом ќе се помолите, ќе го добијам моето исцеление."
Помазанието со масло не е она што ги лекува болните; молитвата на вера е таа што лечи. Помазанието со масло означува одредено време кога било пренесено помазанието и било преземено дејство за да се добие исцеление. Тоа е моментот кога секој ја ослободува својата вера за да може да се излечи болниот. Изјавата на вера во Божјата одредба на исцеление е таа која всушност го ослободува исцелувањето кај поединецот.

**Вие можете да ги исцелите болните**

*Па им рече: „Одете по сиот свет и проповедајте го Евангелието на секое создание. Кој ќе поверува и се крсти, ќе биде спасен; а кој не поверува, ќе биде осуден. А знаците, на оние што ќе поверуваат, ќе им бидат овие: со Моето име ќе истеруваат демони; ќе говорат нови јазици; ќе фаќаат змии и ако нешто смртоносно испијат, нема да им наштети; на болни ќе полагаат раце и тие ќе оздравуваат."*
*Марко 16:15-18*

Исус рекол дека секој верник може да положи раце на болните и да ги види како се лекуваат. Не мора да бидете долго време спасени, да имате диплома од библиско училиште, или да бидете старешина во вашата црква; можете да им служите на болните доколку верувате. Тој, исто така, рече дека можеме да изгонуваме демони како Тој.

*И на зајдисонце, сите што имаа болни од разни болести ги доведуваа кај Него; а Тој, положувајќи раце над секого од нив, ги исцелуваше. Од мнозина излегуваа демони со викање, и велеа: „Ти си Христос, Син Божји.“ А Тој забрануваше и не им дозволуваше да кажуваат дека знаат дека е Тој Христос.*
*Лука 4:40-41*

*Како Го помаза Бог со Дух Свети и со сила Исус од Назарет, и како Тој одеше вршејќи добри дела и исцелувајќи ги сите што беше ги нападнал ѓаволот, зашто Бог беше со Него.*
*Дела 10:38*

Сатаната е извор на болеста. Болестите дојдоа кога гревот влезе во земјата. Пред гревот, имало совршено здравје. Исус ги изгонуваше демоните од луѓето и тие беа исцелени. Не секоја болест е предизвикана од демон, ниту пак, секој болен е опседнат од демон. Ѓаволот ги угнетува луѓето со болест и зарази. Исус ни даде власт над ѓаволот и сѐ што тој предизвикува, па кога ќе го укориме ѓаволот, луѓето ќе бидат исцелени.

# БЕЛЕШКИ

# 22. Исус ни даде власт

Клучот за истерување на демони е да знаете дека имате авторитет преку името на Исус. Во Марко 16:17, Исус вели: „*Со Моето име ќе истеруваат демони.*“ Исус ни даде власт над сите дела на ѓаволот користејќи го Неговото име. Власта не е моќ; тоа е дозвола да се користи туѓа моќ. Моќта доаѓа од Бога, а ние пристапуваме до таа моќ користејќи го името на Исус. Секој пат кога зборуваме во Негово име, Тој го поддржува она што го кажуваме и прави да се оствари. Тој ни даде авторитет затоа што сака да го користиме, а Исус нè научи како да користиме авторитет над болеста.

*И ете, дојде еден од началниците на синагогата, по име Јаир; па, штом Го виде, падна пред нозете Негови и усрдно Го молеше многу, говорејќи: „Ќерка ми е на умирање; дојди и положи ги рацете над неа, за да оздрави и биде жива!“ И кога ја фати раката на девојчето, рече: „Талита, куми!“ – што значи: „Девојко, тебе ти велам, стани!“ И девојката одеднаш стана и почна да оди. А имаше дванаесет години. И сите се зачудија многу.*

*Марко 5:22-23, 41-42*

Девојчето беше исцелено кога Исус прозборе. Тој зборуваше со авторитет очекувајќи таа да се врати во живот.

*И доведоа кај Него еден глув и тепкав, па Го молеа да положи над него рака. Исус, откако го одведе настрана од народот, ги стави Своите прсти во неговите уши; а кога плукна, го допре неговиот јазик; потоа погледна на небото, воздивна и му рече: „Ефата!“ – што значи: „Отвори се!“ И веднаш му се отвори слухот, и се разврзаа врските на неговиот јазик и говореше чисто.*

*Марко 7:32-35*

Можеби мислите дека овој човек беше излечен кога Исус му ги допрел ушите и јазикот, но всушност бил излечен кога Исус му рекол’ „Отвори се“. Човекот бил глув, па Исус му ги отворил ушите и јазикот

за да му покаже што сака да направи. Вистинското исцелување дојде кога Исус го искористи својот авторитет.

*Штом излезе од синагогата, влезе во куќата Симонова; а тештата на Симон имаше силна треска, и Го помолија за неа. И како застана над неа, Тој ја прекори треската, и таа ја остави; и жената веднаш стана и им служеше.*
*Лука 4:38-39*

Кога Исус ѝ служел на тештата на Симон, Тој не ѝ се обратил, туку ја прекорил треската. Директно зборуваше со болеста, и таа си замина. Кога го користите вашето доделено овластување, не разговарајте со Бог или со личноста, зборувајте директно со болеста. Бог веќе се справил со ѓаволот, и Исус веќе нè ослободи од угнетувањето, така што не треба да разговараме со Бог за тоа.
Ако видиме некој болен, треба да го искористиме нашиот авторитет, да ја прекориме болеста, и да ѝ заповедаме да си оди. Исус рекол дека користењето на нашиот авторитет покажува голема вера.

*А кога влезе Исус во Капернаум, се приближи до Него еден стотник и Го молеше говорејќи: „Господи, слугата мој лежи дома фатен и многу страда.“ Исус му рече: „Ќе дојдам и ќе го излекувам.“ А стотникот одговори и рече: „Господи, не сум достоен да влезеш под мојот покрив; но кажи само збор и слугата мој ќе оздрави; зашто и јас сум човек подвластен, а имам и потчинети војници; па кога ќе му речам на еден од нив: ‘Оди!’ и тој оди; на другиот: ‘Дојди!’ и тој доаѓа; и на слугата: ‘Направи тоа!’ и тој прави. Кога го чу тоа, Исус се восхити и им рече на оние што врвеа по Него: „Вистина ви велам: ни во Израел не најдов толку голема вера.“*
*Матеј 8:5-10*
Стотникот покажал вера затоа што го разбирал авторитетот. Кога ќе ви се даде овластување, од вас се очекува да го користите. Мора да верувате дека оној кој ви дал овластување ќе ве поддржи кога ќе го искористите.

*Еве, ви давам власт да газите на змии и скорпии, и власт над секоја непријателска сила; и ништо нема да ви наштети;*
*Лука 10:19*

Исус ни даде власт над сите дела на ѓаволот, така што – ништо нема да нè повреди. Ако веруваме во Него и му веруваме на Неговиот збор, можеме да го укориме ѓаволот и тој ќе побегне. Исус ни дал авторитет за да можеме со доверба да ги лекуваме болните.

*Исус му рече: „Ќе дојдам и ќе го излекувам.“*
*Матеј 8:7*

Исус не рече, „Ќе дојдам да се помолам за него.“ Тој рече, „Јас ќе го излекувам.“ Ова е доверба во моќта што доаѓа со авторитетот. Исус ја вршеше волјата на Таткото. Тој не чекаше да види дали Таткото сака; Тој знаеше дека е подготвен да исцели. Исус активно предизвикуваше да се изврши Божјата волја бидејќи знаеше дека има власт над болестите и заразите. Ние треба да го користиме името на Исус со авторитет. Не прашувајте дали Бог сака оваа личност да биде добро; искористете ги вашите делегирани овластувања и исцелете ги.

Бог ми зборуваше и ми рече, „Престани да се молиш за болните и почни да ги лекуваш болните.“ Да се молиш за болните значи да ги благословуваш и да се надеваш дека нешто ќе се случи; исцелувањето на болните значи оздравување. Сега, секој пат кога му служам на болен човек, зборувам со авторитет. Ѝ заповедам на болеста да си замине, на животот да дојде, и му порачувам на неговото тело да се излечи.

Наместо да го прашате болниот, „За што ви е потребна молитва?“ откријте во што веруваат. Прашајте, „Што очекувате да се случи кога се молиме?“ Ова им го одзема погледот од проблемот и ги тера да го бараат решението. Верата очекува нешто да се случи. Со тоа што ќе ги натерате да размислуваат да бидат излечени, ќе ги натерате да очекуваат. Наместо да ги повторуваат сите нивни проблеми, сега тие зборуваат за оздравување.

# БЕЛЕШКИ

## 23. Останете излечени

Кенет Хагин им служел на илјадници луѓе во текот на седумдесет години. Кога разговарал со луѓето што биле излечени, тој им рекол да внимаваат на „контранападот“. Во војна, ако го турнете непријателот назад, треба да се погрижите тој да не чека некое време и да ве нападне повторно. Ѓаволот ја загуби битката кога го примивте вашето исцеление. Тој ќе почека да бидете во ранлив момент и ќе ви ги врати симптомите. Тој, исто така, ви шепоти во главата, „Видете, не сте исцелени“, но – ова е лага!

Ѓаволот сака да ве угнетува и да ве задржи угнетени. Тој ќе ве лаже во врска со примањето на вашето исцеление. Ќе ви кажува работи како, „Тоа беше трик. Никогаш не сте го добиле. Вие не го заслужувате тоа. Сѐ уште сте болни.“ Сето тоа се лаги. Тој се обидува да ве натера да се откажете од верата и да верувате дека сѐ уште сте болни.

*Па затоа, покорете Му се на Бога; а противете се на ѓаволот, и тој ќе побегне од вас.*
*Јаков 4:7*

Вратете се кон вистините што ве излекуваа. Кажете со својата уста, „Јас сум исцелен од Исус!“ Не дозволувајте мислите на ѓаволот и грижите да ви играат во главата. Најдобриот начин да останете слободни е да се спротивставите веднаш и категорично. Не чекајте мислите да се вкоренат. Постапете со нив, со авторитет, веднаш штом ќе дојдат.

Бев излечен од болки во грбот во февруари 1992 година. Еден месец подоцна работев во задниот двор, и грбот почна да ме боли. Тоа беше напорна работа што можеше да предизвика непријатност на секого. Станав и реков, „Ѓаволу! Бев излечен пред еден месец и одбивам да ти дозволам да ми ја вратиш таа болка!“ Веднаш, целата болка замина.

*Ве молам, кога ќе бидам кај вас, да бидете такви што да нема потреба да бидам така смел, каков што мислам да бидам кон некои, кои за нас мислат дека живееме по телото. Зашто, иако во тело живееме, телесно не се бориме. Оружјето на нашето војување не е телесно, но со помошта Божја станува моќно за рушење тврдини; со него ние уништуваме мудрувања, и секоја горделивост, што се крева против познанието за Бога, и го заробуваме секој ум за да Му биде покорен на Христос;*
*2 Коринтјаните 10:2-5*

Можеме да останеме излечени со тоа што ќе се спротивставиме на ѓаволот и на сите мисли што тој ги става во нашиот ум.

*Зашто, словото Божјо е живо и дејствува и е поостро од секаков меч со две острици; и навлегува до разделување на душата и духот, до зглобовите и мозокот, и ги проценува мислите и намерите на срцето.*
*Евреите 4:12*

Словото ни помага да утврдиме што е вистина, а што лага. Светиот Дух ќе ве научи како да ја препознаете разликата. Поминувајте време во Божјото Слово додека сте здрави, а особено ако сте болни. Фокусирајте се на пасусите што учат за лекување. Свртете го своето срце кон Исус, очекувајте Тој да ви помогне, и примете го вашето исцеление.

## Еве како да се молите:

Ако сте подготвени да го примите вашето исцелување, кажете го ова гласно:

> *Исусе, ти благодарам што ги зеде сите наши болести и болка. Во моментов добивам исцелување во моето тело. Го имам Твојот живот кој тече низ мене.*

*Ѓаволу, ти заповедам да заминеш во името на Исус! Не можеш повеќе да ме угнетуваш! Слободен сум благодарение на раните на Исус!*

*Болест и болка, ви заповедам да заминете, сега, во името на Исус!*

*Тело (или можете да му зборувате на делот од вашето тело што е болен – грб, колено, срце...) биди комплетно! Биди обновено!*

*Јас сум исцелен!*

*Цел сум!*

# За авторот

Ден и Вероника Бин почнале да служат во 1995 година во нивната локална црква. Тие предавале во црковното библиско училиште и биле кодомаќини на неделно радиоемитување петнаесет години. Во 2005 година биле пионери во црква во Весли Чапел, Флорида. Четири години подоцна ја затвориле црквата и почнале да се подготвуваат за патувачка служба.

Нивната европска служба започнала во 2013 година во Истанбул, Турција. Следната година тие почнале да служат во Словенија и во поранешна Југославија. „Beloved International" била лансирана во јануари 2015 и оттогаш службата доживеала експанзија. Нивната моментална служба ги носи во над педесет цркви во Југоисточна Европа, достигнувајќи до дванаесет земји.

Божественото исцелување отсекогаш било главен дел од нивната служба. И двајцата биле исцелени од Бога на многу млада возраст. Растејќи во побожни домови, тие биле научени да му веруваат на Исус како на нивен исцелител. Сега, нивната служба вклучува поучување и проповедање на Божјата волја за сите да бидат исцелени. Нивната цел е да соберат армија верници кои знаат како да го користат својот авторитет над болестите и заразите.